Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 184/0306
23.05.2018 год.
Скопје

23.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 мај 2018 година, врз основа на примена жалба од Министерство за одбрана на Р.Македонија, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Телевизија „Алфа“ со двата прилога насловени „Сексизам во АРМ, двајца браќа водат две армии, партизација во МО“ и „Руско влијание во Македонија“, објавени во рамките на емисијата „Блиц“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 7.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16 мај 2018 година, Министерството за одбрана на Р.Македонија поднесе жалба за прилозите со наслов „Сексизам во АРМ, двајца браќа водат две армии, партизација во МО“ и „Руско влијание во Македонија“, објавени на 7 мај, односно на 14 мај 2018 година во рамките на емисијата „Блиц“, емитувана на Телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk).

Како основи на жалбата, подносителот на претставката наведува неточност и нефер известување, нерамноправност на половите и непочитување на личната приватност, непочитување на презумпција на невиност и заштита на сведоци, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Во поднесената претставка се наведува дека текстот содржи лажни вести, невистини и инсинуации без воопшто да биде прашана страната која се обвинува и оти го нарушува угледот на Министерството за одбрана, министерката Радмила Шеќеринска и сите останати споменати лица, вработени во Министерството. Подносителот на жалбата, во оваа насока, посочува дека авторот не ја испочитувал и приватноста на личноста, затоа што биле објавени имиња и презимиња на вработени во Министерството и припадници на АРМ, на кои лажните вести и невистини сериозно им го нарушувале личниот углед и достоинство.

*„Во однос на првата епизода, пред емитувањето на емисијата нејзиниот автор воопшто не се обрати до Министерството за елементарна проверка на неговите шпекулации. За втората емисија, иако уредно и навремено авторот го доби целосниот одговор на поставените прашања, тој искористи само еден мал незначителен дел и продолжи со шпекулации и извртување на фактите и прикривање на суштински податоци“*, се вели во жалбата поднесена од Министерството за одбрана.

Жалителот, меѓу другото, забележува и дека медиумот воопшто не го објавил демантот на Министерството за одбрана кој се однесувал на прилогот од првата емисија, а во вториот случај, биле објавени нецелосни и нејасни деманти, кои не биле соодветен одговор на обвинувањата во втората емисија.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Алфа“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник на ТВ Алфа, Коле Чашуле, одговори на наводите на жалителот.

Чашуле смета дека обвинувањата искажани од Министерството за одбрана се неиздржани, зашто, како што посочува, емисијата „Блиц“, во чии рамки се емитувани оспорените прилози, била надворешен проект и не била производ на ТВ Алфа. Според него, ставовите искажани во емисијата „Блиц“ не биле ставови на телевизијата, што можело да се забележи и од кролот, кој јавно го емитувал медиумот пред почетокот на емисијата.

*„Без разлика на овој факт, ТВ Алфа прими барање за деманти од Министерството за одбрана, полковникот Горан Василевски и мајор Елизабета Здравевска. Иако емисијата „Блиц“ не е наше производство, ТВ Алфа на 10.05.2018 во емисијата Алфаскоп, кој е наш продукт, ги емитуваше овие три реакции и деманти, како и извинување до засегнатите страни. Во исто време, го известивме авторот на емисијата „Блиц“ дека се стигнати реакции во врска со емитуваната епизода, по што следната епизода демантите беа објавени и во неа“*, се вели во одговорот на главниот и одговорен уредник на ТВ Алфа, Коле Чашуле.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 7:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивно со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитива личната болка и жалост“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 мај 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека прилогот произлегува од јавниот интерес, дека јавните институции, во случајов, Министерството за одбрана, е легитимна новинарска цел, но дека авторот на прилозите, сепак, во целост не ги испочитувал професионалните и етичките стандарди, особено во првата емисија, насловена „Сексизам во АРМ, двајца браќа водат две армии, партизација во МО".

Комисијата најде дека во прилогот авторот отстапил од основното новинарско правило да побара „втора страна" и да обезбеди неколку извори за да ја провери информацијата. Со тоа, медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој, особено се издвојуваат следните реченици од прилогот:

***„Македонското воено разузнавање го води човек, чиј брат е началник во војската на Република Србија. Едниот брат води една, другиот брат друга армија. Се работи за Светозар Василевски, кој живее во Белград и е началник на полк во армијата на Србија".***

Според членот 1 од Кодексот, постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Комисијата не е надлежна да ги утврдува фактите во прилогот, но во случајов, авторот лесно можел да ја провери информацијата, ако побарал став од засегнатата страна, со оглед дека во демантот на Министерството за одбрана експлицитно се нагласува дека горенаведената информација е неточна:

***„Полковникот Горан Василевски не е во никаква роднинска врска, ниту се познава со началникот во српската армија, кој го посочувате и со кого единствено има исто презиме. Вашите инсинуации можат да наштетат на воспоставената соработка меѓу двете армии. Василевски има починат брат и оваа неточна информација го вознемири неговото семејство и неговиот брат, кој е во поодминати години",*** се вели во демантот на Министерството за одбрана.

Понатаму, Комисијата утврди дека во истиот прилог е прекршен и членот 7 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Отстапувањето од ова начело, може да се увиди и во следната реченица од прилогот:

***„Скандалите за сексизам во армијата не застануваат овде. Офицерот Али Хајро кој беше вратен од мисија во Авганистан, поради обид за силување на војничка, сега е унапреден во полковник, од страна на министерката Шекеринска и е стопирана истрагата за случајот".***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со членот 7 од Кодексот, информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание на јавниот интерес. Во такви ситуации треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози некоја друга личност. Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

И во оваа информација, Комисијата не може и нема право да ги утврдува фактите, но новинарот повторно можел и требало да ги провери своите наводи преку барање став од засегнатата страна, со оглед дека информацијата подоцна е демантирана од Министерството за одбрана:

***„Постапката за полковникот, кој го споменувате не е стопирана, туку завршена и Комисијата утврди дека тој бил вратен од Авганистан без формално правна одлука и без образложение. Министерството сериозно им пристапи на наводите за можно кривично однесување, по што, направивме увид во достапната документација од досието на полковник Али Хајро. Во ниту еден документ не се споменува никаков обид за силување“,*** се вели во демантот на Министерството за одбрана.

Во однос на вториот осопорен прилог, насловен „Руско влијание во Македонија“, Комисијата не најде сериозни прекршувања на новинарските начела. Авторот во известувањето се повикува на документ од Министерството за одбрана, со што овој пат го испочитувал правилото на „втора страна“. Сепак, новинарот повторно отстапил од членот 1 од Кодексот на новинарите, во делот, во кој се вели дека новинарот секогаш треба да се стреми да го задржи оригиналниот контекст на сите цитати или извадоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот, особено што новинарот, во случајов, побарал и добил информации од Министерството за одбрана. Ваквиот пропуст, може да се забележи во воведниот дел од прилогот:

***„Полковникот кој правел дилови за набавка на оружје од Русија, министерката Шеќеринска го прати да биде воено аташе во Америка“.***

Новинарот оваа информација ја пренесува како веќе извесна, без подетално да го пренесе ставот на ресорното министерство, во кое се наведува дека полковникот Ампов не бил вмешан во зделки за набавка со оружје во Русија и дека немало ништо спорно во неговото назначување за воено аташе во САД:

***„Полковникот Ампов во автономната област Калининград бил во втората половина од 2014 година, како дел од поширока владина делегација предводена од тогашниот министер Зоран Ставревски. Упатувањето на одбранбено аташе се прави согласно Правилникот за упатување на работа во странство, донесен од страна за министерот за одбрана во 2014 година, а врз основа на Закон за***

***организација и работа на органите за државна управа“,*** се вели во одговорите на Министерството, кои авторот не ги пренел во прилогот.

Критичкото следење на настаните, особено, на носителите на јавните функции, се меѓу главните задачи на новинарите, а слободата на говор е неприкосновена се’ додека таа не излегува од границите на слобода на изразување.

Во овој контекст, Комисијата ги охрабрува новинарите да обработуваат истражувачки стории, но и да се придржуваат до професионалните и етичките принципи.

Во исто време, Комисијата ги повикува и институциите да бидат уште потранспарентни и отворени и правовремено и попрецизно да одговараат на новинарските прашања од јавен интерес. Членовите на Комисијата најдоа дека едно од прашањата испратени од новинарот Љупче Златев, случајно или не, не било одговорено од страна на Министерството за одбрана, а се однесува на тоа дали САД биле информирани за активностите на Ампов во Русија.

Во однос на забелешката на подносителот на жалбата дека „ТВ Алфа“ воопшто не обезбедила демант, односно го објавила во нецелосна форма, Комисијата не можеше да утврди на кој начин и во кој обем бил пренесен демантот за да постапува по ова прашање.

Од друга страна, и покрај тоа што уредникот на ТВ Алфа се изјасни дека станува збор за емисија која е надворешен проект, сепак тоа не ја намалува одговорноста на телевизијата за изборот да ја емитува во рамки на својата програмска шема.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува Телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595